# Деловник за работа на Изборно Собрание на Комората на психолози на Република Македонија

### Член 1

Со овој Деловник се утврдува начинот на работа и одлучувањето на Изборното Собрание на Комората на психолози на Република Македонија ( во понатамошниот текст Изборно Собрание и Комора).

### Член 2

Во работата на Изборно Собрание учествуваат лиценцираните членови на Комората, согласно одредбите од Законот за вршење на психолошка дејност.

### Член 3

Работата на Изборното Собрание е јавна и на неа и можат да присуствуваат поканети гости.

### Член 4

Изборното Собрание полноважно одлучува ако се задоволени критериуминаведени во член 16 од Статутот на Комората на психолози

Член 16 од Статутот на Комората: Собранието е највисок орган на Комората, кое е составено од сите членови на Комората. Собранието работи полноправно со најмалку 50 проценти плус еден од членовите на Комората. Доколку на седницата на Собранието нема доволно членови за формирање кворум и непречено работење, седницата се прекинува за еден час. По истекот на еден час, Собранието може да работи полноправно со присутните членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните.

### Член 5

Изборното Собрание го отвара и до изборот на работно претседателство, раководи Претседателот на Комората на психолози.

### Член 6

За работата на Изборното Собрание се избираат работни тела: работно претседателство; верификациона комисија; кандидациона комисија; записничар и двајца заверувачи на записникот.

## Член 7

Работното претседателство предлага дневен ред, отвара дискусија по предложениот дневен ред, а потоа предложениот дневен ред го става на гласање.

## Член 8

Расправата по утврдениот дневен ред се води поодделно по секоја точка од дневниот ред.

Учесникот во расправата има право да се јави за збор еднаш по утврдената точка на дневниот ред.

Поканетите гости имаат право на збор, поодделно по точките од дневниот ред, но немаат право да гласаат при одлучувањето на Изборното Собрание.

## Член 9

Одлучувањето на Изборното Собрание е со тајно гласање на гласачки ливчиња пооделно за секое тело на Комората. Избрани се оние членови кои имаат најмногу број на гласови и се рангирани на врвот на листатаако за него гласале мнозинството од присутните лиценцирани членови на Комората согласно член 4 од овој Деловник.

## Член 10

За работата на Собранието се води Записник кој потоа се заверува.

Управен  одбор на Комора на психолози